Macedonian | Македонски

# Ставете го вашето здравје на прво место

Дали ви е време за снимање на дојките?



Закажете секои 2 години
на **breastscreen.org.au**
или јавете се на **13 20 50**

## Дали сум изложена на ризик?

Една од секои 7 жени во Викторија ќе добие рак на дојка во текот на животот.



Мнозинството жени со рак на дојка немаат семејна историја на болеста.



Стареењето е најголемиот фактор на ризик за добивање на рак на дојка.




## Што е снимање на дојка (breast screen)?

Снимање на дојка (мамограм) е рендгенско снимање на дојките со мала доза, препорачано секои 2 години на возраст од 50 до 74 години. Во BreastScreen Victoria обично ќе направиме по две рендгенски снимки на секоја дојка – една одозгора и една од страна.

Со снимањето на дојките може да се открие рак што е премногу мал за да се напипа. Што поскоро ракот се открие, толку е поверојатно дека лекувањето ќе биде успешно.

## Знајте ги вашите дојки

- Треба да знаете како вашите дојки изгледаат нормално и како ги чувствувате на допир
- Одете кај вашиот доктор ако забележите која било промена на вашите дојки
- Разговарајте со вашиот доктор за вашата семејна историја и за ризикот од рак на дојка

## Нашата програма

- Е бесплатна
- Рендгенологот е жена
- Трае околу 10 минути
- Не е потребна Medicare картичка или упат од доктор
- Достапна е ширум Викторија

## Дали треба да ги снимам дојките?

**Помлади 40 години**
Снимањето на дојките е помалку ефикасно за жени помлади од 40 години. За повеќе информации ве молиме разговарајте со вашиот доктор.

**Возраст меѓу 40 и 50 или постари од 74 години**
Ги исполнувате условите за бесплатно снимање на дојките. Меѓутоа, препорачуваме да разговарате со вашиот доктор дали снимањето на дојките е соодветно за вас.

**Возраст од 50 до 74 години**
Снимање на дојките треба да имате секои 2 години.

**Ако ви е време за снимање на дојките, закажете на breastscreen.org.au или јавете се на 13 20 50**

BreastScreen Victoria

# Закажете на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

**TTY 13 36 77** ако имате тешкотии со слухот или говорот



За повеќе информации или за промени на вашите податоци, одете на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

За помош од преведувач, јавете се на **13 14 50**

Преведени информации: **breastscreen.org.au/translations**

VICTORIA State Government

BreastScreen Victoria оддава признание на поддршката од Викториската влада.

© 2023 BreastScreen Victoria.
Сите права задржани

**Јуни 2023** BR11/0623